**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 точка 4 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18) и член 103 став 1 точка 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15 и 190/16), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Одлуката за**
**сметковниот (контниот) план за банките**
**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 142/18)**

1. Во Одлуката за сметковниот (контниот) план за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 81/11, 152/11, 110/13, 141/16, 83/17, 96/17 и 152/17), во прилогот 1, по сметката 80104, се додава сметката:
   „80109 Тековни сметки на други институционални единици на централната влада".

   Сметката 8119 се брише.

2. Прилогот 2 „Водич за класификација според институционални сектори" се менува и е даден во прилог на оваа одлука.

3. Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**О бр. 02-15/XII-3/2018**
**26 јули 2018 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач на Советот**
**на Народната банка на**
**Република Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**